**Изјава за гаранција на сите модели MG**
**(регистрирани од 01.01.2021)**
**Објавено: 27.05.2022**

## Гарантен рок

Гарантниот рок започнува на денот на првата регистрација. Со гаранцијата MG ги покрива возилата (регистрирани од 01. 01. 2021) во траење од 84 месеци или до 150 000 поминати километри (зависно што прво ќе се исполни).
Гаранцијата ги покрива сите компоненти на возилото, вклучувајќи ја високонапонската батерија и ги исклучива сите делови наведени во поглавјето за исклучувања.
Гаранцијата се пренесува на секој нов сопственик до истекот.

## Гаранцијата опфаќа:

- Бесплатна поправка, замена или подесување од страна на овластен сервис на било кој дел што ќе се расипе во текот на гарантниот рок како резултат на материјални или производни грешки.
- Гаранцијата ги опфаќа и сите потрошни делови (освен гуми) кои може да се расипат заради материјални или производни грешки во текот на првите 24 месеци од гарантниот рок или до првиот закажан сервис, зависно што прво ќе се исполни.
- Сите делови заменети според гаранциските услови само за остатокот од гаранцискиот период.

## Услови и одредби на гаранцијата

**Условите на гаранцијата на MG го бараат следното:**

- Сите гаранциски барања поднесени во гарантниот рок се доставуваат до овластениот сервис на MG кој го дијагностицира дефектот и врши поправки.
- Откако ќе го забележи дефектот, купецот треба да го пријави во овластениот сервис на MG што е можно порано. Гаранцијата може да се поништи ако купецот продолжи да вози со дефектот.
- Во случај на електрични и хибридни возила MG, гаранциските барања нема да бидат прифатени во случај некој друг, освен овластениот сервис на MG, да ја отворил или отстранил високонапонската батерија од возилото.
- Сите поправки, отклонувања на оштетувања или вградување на заменски делови и прибор, ги врши овластениот сервис на MG во согласност со упатствата издадени од MG.
- Оригиналните спецификации на возилото не смеат да се менуваат бидејќи може да се утврди дека споменатите модификации се причина за било кој  последователен дефект.

- Возилото не смее да се занемарува, неправилно да се поправа или неправилно да се користи и мора правилно да се чисти, одржува и сервисира во согласност со препораките на MG.

- Секој главен сервисен преглед се извршува во текот на 1 500 километри или 28 дена од препорачаниот интервал на поминатата километража или датумот на сервисирањето како што е предвидено со планот на сервисните интервали. Иаку гаранцијата нема да биде поништена ако оваа работа ќе ја изврши неовластен сервисер, дефектите што произлегуваат од работата извршена од неовластениот сервисер можеби нема да бидат покриени со гаранцијата на MG. Во случај на одржување од страна на неовластениот сервис, потребна е фактурата за сервисот со деталите за извршената работа во текот на одржувањето. Забелешка: за да се квалификува за гаранцијата на MG, возилото мора да има целосна и точна историја на сервисирање, во согласност со препорачаниот сервисен план на MG, со користење на деловите и течностите со оригиналната спецификација (OE).

- Доколку дефектот е резултат на непочитувањето на препорачаните сервисни интервали на производителот и/или препораките на производителот за нега и одржување, овластениот сервис на MG го задржува правото да ги одбие сите последователни барања.

- Возилото не смее да се користи за трки или натпревари од кој било вид.

- Возилото не смее да биде изложено на оптоварување поголемо од максимумот препорачан од производителот.

- Заштита на сопствениците под гаранциските услови на MG не влијае на нивните пропишани законски права.

## Високонапонска батерија
Ако при проверка кај овластениот сервисер на MG ќе се утврди дека високонапонската батерија претрпела намалувањето на капацитетот под 70 % од оригиналната вредност при испорака, вредноста под 70 % ќе се смета за прекумерна загуба. Каде што е можно, вредноста на прекумерната загуба ќе се поправи, а ако не може да се поправи, високонапонската батерија ќе се замени со нова или обновена батерија.

### Исклучувања од гаранцијата
Постојат одредени употреби, природни појави и аспекти на сопственост кои се исклучени и не се опфатени со гаранцијата. Од гаранцијата се исклучени:

- Деловите кои бараат замена или одржување поради оштетување или кои биле изложени на големо трошење (на пр. батерија од 12 V, облоги за сопирачки, сијалици, бришачи итн.) се покриени само со 2-годишна гаранција или до закажаната замена поради староста или поминатата километража како што е наведено во распоредот за одржување. Имајте предвид дека потрошните делови се покриени со гаранцијата само ако дефектот е резултат на материјални или производни грешки.

- Деловите кои бараат подесување или замена во рамки на редовниот сервис и одржување во текот на гарантниот рок.

- Infotainment системите за удобност и помош на возачот се покриени со 36-месечна гаранција или до 72 000 километри (зависно што прво ќе се исполни).

- Капакот на конекторот за полнење на електричното возило и кабелот(ите) се покриени со 2-годишна гаранција.

- Секој дел од каросеријата што претрпел случајно оштетување, освен ако штетата не е санирана според спецификациите на MG.

- Корозија предизвикана од вградување на додатоци кои не се одобрени од MG или со инсталирање на одобрени додатоци на начин што не е во согласност со упатствата за инсталација на MG.

- Замена на гориво, разладна течност, хидраулични течности, маснотии или масло, освен ако не е потребно заради поправка или замена на одобрениот дел.

- Секој дефект предизвикан од недоволно или неправилно одржување.

- Штета предизвикана или произлезена од воените активности, штрајкови, вандализам, несреќи, судири, пожар, експлозија, кражба или обид за кражба, неповолни временски услови или какво било дејство или пропуст што е намерно, незаконско или небрежно.

- Намалување на вредноста или каква било последователна загуба.

- Трошоците за работи потребни за да се утврди природата на дефектот ќе се надоместат само во рамки на валидните гаранциски барања. За трошоците одговара носителот на гаранцијата, ако се докаже дека дефектот не е одговорност на MG.

- Дефектите на возилото за коешто осигурителот утврдил тотална штета или било каква поправка, замена или прилагодување што не е одобрено од MG, т.е. возилата модифицирани на било кој начин во однос на оригиналните спецификации на MG.

- Возилата што ја надминале максималната дозволена километража покриена со гаранцијата.

- Секој дефект што произлегува од неовластена измена на техничките спецификации на возилото.

- Возилата што се употребуваат за превоз на патници (такси, Убер, санитетски возила...)

Гаранцијата за електрични и хибридни возила што се употребуваат за превоз на патници изнесува 3 години или 100 000 километри (зависно што прво ќе се исполни). Применуваат се сите претходно наведени исклучувања и сите услови и одредби наведени во оваа Изјава за гаранција. За да се исполнат гаранциските услови, возилото мора да биде регистрирано кај продавателот на MG како комецијално возило, преку образецот за регистрација на возилото за превоз на патници. Во случај тоа да не се стори, гаранцијата може да се поништи. Ова ограничување ги вклучува високонапонските компоненти на погонскиот склоп и високонапонската батерија.

**Гаранција на лакот**

MG Recharge yourself

Гаранцијата на лакот ги покрива недостатоците на лакот во траење од 3 години или 72 000 километи од првата регистрација (зависно што прво ќе се исполни).

Опсег на покриеност

- Гарантираат се поправки на недостатоци на лакот како што се појавување меури, лупење, пукнатини, промени на боја или дамки на видливата лакирана површина на каросеријата на возилото настанати како резултат на материјални или производни грешки.

- Гарантира се поправка, според условите на гаранцијата, на било кој недостаток на лакот на видливите површини на возилото MG, што не го вклучува подвозјето, предизвикан со материјални или производни грешки.

Секој поправен дел од возилото MG или било кој заменски дел осигурен според условите на гаранцијата ќе биде покриен со гаранцијата до крај на гарантниот рок.

Поправките на недостатоците на лакот во текот на гаранцијата мора да ги изврши овластената работилница во согласност со Прирачник за поправка на каросеријата од MG.

**Исклучувања**

Гаранцијава не ги покрива:

- Недостатоците на лакот што не ги предизвикале материјални или производни грешки.
- Оштетувањата или недостатоците настанали заради:
  - Уградување на заменските делови што не ги одобрил MG или измените на оригиналните спецификации на возилото.
  - Злоупотреби, занемарувања, неадекватно одржување или несервисирање на возилото во согласност со предвидените сервиси.
  - Несреќи, корозија или други надворешни фактори вклучувајќи, ама не ограничувајќи се на, гребнатини, индустриски врнежи, загадување на воздух, каменчиња, атмосферско загадување (вклучујаќи птичји измет), употреба на корозивните материјали или удари.
  - Користење на возилото за трки или други натпревари.
- Недостатоците на лакот што се резултат на корозија на делот на каросеријата што не бил поправен од овластениот MG сервис, користејќи ги оригиналните делови на MG и пратејќи ги одобрените процедури.

Recharge yourself

**Гаранција против перфорација**
**Гарантен рок**

Гаранцијата покрива поправка заради перфорација во траење од 7 години.

За да се задржи гаранцијата против перфорација, еднаш годишно на возилото мора да се направи периодичен преглед на каросеријата, во текот на траење на гарантниот рок, и да се исполни и завери сервисната документација на гаранцијата против перфорација, а која е дел од сервисната книшка.

Сите потребни зафати треба да се изведени во согласност со препораките на MG.

**Условите и одредбите на гаранцијата против перфорација**

- Определување на перфорацијата е корозивно делување на каросеријата на возилото што резултира со дупка на дел од каросеријата.

- Гаранцијата против перфорацијата се одесува само на следните делови од каросеријата: капак на мотор, кров, капак на багажник, преден блатобран, задни странични панели, врата, странични прагови, столбови и долен дел од каросерија.

**Исклучувања**

Во некои примери вашето возило MG нема да биде покриено со гаранцијата против перфорација. Тоа вклучува, ама не е ограничено на:

- Перфорација од корозија заради несреќа, оштетување, прилагодување, злоупотреба, индустриски врнежи, превоз на корозивни или агресивно материјали и надворешни влијања.
- Перфорација од корозија предизвикана со употреба на неоригиналните делови или делови што не биле избрани од MG, вклучувајќи половни делови.
- Перфорација од корозија како последица на наодржување како што е опишано во корисничкиот прирачник, погрешна употреба или злоупотреба.
- Непотполн записник на годишниот периодичен преглед на каросеријата.

**Гаранциските услови и одредби за делови**

- MG дава 24-месечна гаранција со неограничена километража за оригиналните заменски делови MG, освен ако не е наведено поинаку. Само деловите наведени во малопродажниот ценик на MG ги исполнуваат условите на гаранцијата.
- Само оригиналните делови MG можат да се употребуваат за поправки покриени со гаранцијата.

MG Recharge yourself

**Гаранции според траење по ставките:**

Следните компоненти/делови се покриени со гаранцијата во траење од 36 месеци или 72 000 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Infotainment систем и системите за помош
- Погонски каиш
- Лагери за тркала
- Сите кугличести зглобови
- Сите селени
- Крајници
- Амортизери, опруги
- Гумени компоненти

Украсен лак (вклучува бандажи) е покриен со гаранцијата во траење од 36

месеци (без ограничување на километражата).

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 24 месеци или 48 000 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Компоненти на спојката

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 24 месеци или 24 000 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Акумулатор 12V

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 12 месеци или 24 000 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Сопирачки дискови

- Сопирачки фрикциони облоги
- Осигурувачи
- Сијалици
- Филтер за масло
- Филтер за зрак
- Филтер за полен
- Филтер за гориво
- Свеќички
- Батерија на далечинскиот клуч

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 12 месеци или 25 000 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Навлаки за седишта

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 12 месеци (без ограничување на километража):

- Украсни облоги
- Издув/катализатор
- Капаче на отворот за полнење на електрично возило и кабел

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 6 месеци или 15 000 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Подесеност на врата
- Подесеност на светлата

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 6 месеци или 12 000 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Гас за клима уредот
- Метлици за бришачи

Следните компоненти/делови на возилото се покриени со гаранцијата во траење

од 3 месеци или 1 500 километри (зависно што прво ќе се исполни):

- Пукнатини на стаклото
- Геометрија на тркалата
- Балансирање на тркалата

Подесеност на паркирната сопирачка е покриена со гаранцијата до прв редовен сервис.

Гаранција за гумите ја дава производителот на гумите.

**Одговорност**

MG Motor Europe не е одговорен за било каква штета, вклучувајќи телесни повреди, смрт или штета на имот којашто произлегува непосредно или посредно од несреќа која влијае на дел покриен со оваа гаранција. Ова не ја ограничува нити исклучува одговорност во случај повреда или смрт која е последица на материјална или производна грешки или небрежност на производителот.
Одговорност на сопственикот
Сопственикот е одговорен за правилното одржување и нега на своето MG возило. Треба да се придржувате до препорачаните постапки за одржување и нега при што морате да ги користите само производи коишто се сметаат за безбедни.
Сопственикот на возилото е должан редовно да го одржува своето возило. Препорачуваме да ја чувате сервисната евиденција и сметките на сигурно и достапно место. Сервисната евиденција треба да се пополнува при секоја посета на сервисот на MG заради сервисирањето или одржувањето.

**Додатни трошоци, штети и загуби**
Според условите на оваа гаранција MG Motor Europe е одговорен само за поправка или замена, од страна на овластениот продавач на MG или MG сервисот, на оригиналните делови со материјални или производни грешки.
MG Motor Europe не е одговорен за било какви трошоци настанали при доаѓањето до продавачот на MG или MG сервисот, за било каква последователна загуба на заработка или други финансиски загуби, вклучувајќи ги патните трошоци и сместување.